

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ И КУЛТУРА

# Акт 61

СКОПЈЕ, ГОДИНА XIII • БРОЈ 61, 25.08.2017 • 100 денари ISSN 1857-6184

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ И КУЛТУРА

Акт 61



Братислав Ташковски
**ВРЕМЕ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ**

Раде Силјан
**АКО ЈА ОТПЕЕМЕ ПЕСНАТА**

Блаже Миневски
**ЉУБОВНИКОТ НА ЛЕНИН**

Зоран Анчевски
**LA VITA NUOVA**

Виолета Танчева-Златева
**ЗБОРОТ И ЉУБОВТА**

# АКТ

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ И КУЛТУРА

61



Главен и одговорен уредник:
***Братислав Ташковски***

Редакција:
***Венко Андоновски***
***Славе Ѓорѓо Димоски***
***Виолета Танчева-Златева***

Издавач:
**УЛИС ДООЕЛ – Скопје**

Помошник на главниот
и одговорен уредник:
***Серјожа Неделкоски***

Компјутерска подготовка:
***Бане Галиќ***

Печат:
***ГРАФО ДЕН – Скопје***

Тираж:
***300 примероци***

Печатењето на овој број
финансиски го помогна
Министерството за култура
на Република Македонија

Адреса на Редакцијата:
**„Карл Хрон“ бр. 25**
**1000 Скопје**

Телефон:
**070 884 805**

E-mail:
**b.taskovski@t-home.mk**

ISSN 1857-6184

Жиро сметка: 210-0573704401-66

Даночен број: MK4030003471803
Депонент на
„Тутунска банка“ АД – Скопје

Според мислењето на Агенцијата за информации бр. 02-87/2 од 20.02.2006 година, списанието за литература и култура „Акт“ е производ за кој се плаќа посебна повластена даночна стапка.

**Првиот број на „Акт“ излезе**
**на 19 декември 2003 година**

Списанието излегува квартално. Текстовите и фотографиите испраќајте ги на адреса „Карл Хрон“ бр. 25 – 1000 Скопје, или на наведената електронска адреса.

## СОДРЖИНА

Братислав Ташковски – ВРЕМЕ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ ........ 2
Раде Силјан – АКО ЈА ОТПЕЕМЕ ПЕСНАТА ........ 4
Блаже Миневски – ЉУБОВНИКОТ НА ЛЕНИН ........ 8
Зоран Анчевски – LA VITA NUOVA ........ 10
Иван Џепароски – *ЦРТАНИ ЖЕНИ*: УБАВИНА И ПОЕЗИЈА ........ 14
Виолета Танчева-Златева – ЗБОРОТ И ЉУБОВТА ........ 20
Цане Ризески – РАЃАЊЕ ........ 22
Марина Мијаковска – МИЈАЦИ ........ 25
Ана Витанова Рингачева – ЕДНО ПОИНАКВО СВЕДОШТВО ЗА КОНЕСКИ ........ 26
Кристина Николовска – ДРАГОЦЕНО СТИХОРОДИЕ ........ 28
16 БУГАРСКИ ПОЕТИ ........ 34
Лидија Капушевска-Дракулевска – ПОЕТСКИ МИНИЈАТУРИ ........ 40
Снежана Стојчевска – НИКОГАШ НЕ ЗНАЕШ... ........ 43
Митко Апостолов – ЗА МАЈ ........ 45
Ацо Гогов – МЕЃУ ФАКТОТ И ФИКЦИЈАТА ........ 47
Никола Кочовски – НЕЖНИОТ БАРТОЛОМЕЕЦ ........ 50
Љубинка Донева – ДО ЗАМИНАТИОТ ........ 59
Радомир Виденовиќ – РУЈНА ПЕСНА ........ 62




*Ана Витанова Ринѓачева*

# ЕДНО ПОИНАКВО СВЕДОШТВО ЗА КОНЕСКИ

**(Промотивна реч кон книгата „Мојот професор пророк" од Вера Стојчевска-Антиќ)**

Се случи деветтата промоција на книгата „Мојот професор пророк" од проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, а се случи во Струмица, која ширум ги отвори своите порти и срца за да му се поклони на Конески. Неговите чекори некогаш тивко газеле по нејзините улици. За тоа сведочи академик проф. Виктор Фридман, кој во својата рецензија кон книгата на проф. Антиќ, покрај Битола и Охрид, ја споменува и Струмица како место каде се среќавал со Конески.

Книгата „Мојот професор пророк" е сосема поинакво сведоштво за Блаже Конески од сè што досега е напишано за него, а пишувано е доста, како во македонската така и во светската наука. И сега неминовно се поставува прашањето: што не е кажано за Конески, кој стих од неговата поезија не сме го доживеале или протолкувале, што не сме ископале од неговите есеи, критики, размисли? Што би кажале денес, а да биде поразлично од тоа вчера? Таа размисла често ме опоменуваше, додека го работев мојот магистерски труд, во чиј фокус беше поезијата на Конески, во која легендата е еден вид палимпсест кој се исчитува во меѓустишието. Читајќи ја книгата „Мојот професор пророк", одговорите на моите дилеми сами се откриваа. Размислувам, колку сме жедни и гладни по мислата на Конески, колку ненаситно ги пиеме и голтаме негови зборови и размисли, а кои авторката ни ги предочува и разоткрива. Она што таа толку љубоморно го чувала само за себе, го чувала како реликвија, денес ние го имаме како четиво во своите раце. Пред нас како читатели како да воскреснува ликот на Блаже Конески, толку нов, толку присутен. И колку повеќе читаме за него, толку повеќе се соочуваме со вистината – колку малку знаеме за човекот кој ја задолжи македонистиката со векови, а поезијата ни ја остави како аманет, да не заборавиме од каде тврдоглаво тргнавме и до каде мислиме да стасаме. Секое ново сведоштво за Конески нам ние ни е бесценето, бидејќи во секој нов збор кажан за него, ние откриваме нов атом од неверојатната енергија што тој ја носел во себе.

Својата намера, да создаде оригинална книга за Конески, авторката ни ја навестува уште на самата корица, со впечатливиот импресивен портрет, дело на Данчо Кал`чев, и уште повпечатливиот наслов „Мојот професор пророк". Книгата е во целост посветена на, како што вели авторката, „научникот, поетот, човекот со природни и со пророчки дарби", и на крајот книга посветена на „Џентлменот од Небрегово", на „Џинот од Небрегово". Мислата на Конески особено доби на актуелност во моментите кога како народ пропаднавме во безднага на себепронаоѓањето, кога почнавме да ги шепотиме стиховите на Блаже Конески како молитва и надеж за поубаво и посветло утре. Секојдневно ни одѕвонуваат почетните стихови од неговата „Молитва": *Спаси ме боже од болните луѓе што се накажани...* Стиховите на нашиот Енох[1] ни станаа насушно потребни. Неговите пророчки визии нè зачудуваат, онемуваме пред фактот дека гледал подалеку од своето време. Апокрифот за Енох раскажува дека кога Бог го потопил светот, единствено го спасил племето на Енох[2], токму таа симболика и споредбата како да ни даваат надеж дека ќе го преживееме потопот (индивидуален и колективен), кој во својата визионерска поезија го предвиде Конески. Неговата поетска интуиција, нахранета од тишината во која ги создавал своите „поетски медитации" (самиот Конески така ги нарекува своите песни), ја метаморфозира неговата мисла во зрак, чија моќ на досегнување е необјаснива за погледот на обичниот човек. Но пророчките визии на поетот не се огледаат само во неговата поезија, авторката ни открива сентенции од неговото и нејзиното секојдневје, кои нè упатуваат на заклучокот дека погледот на Професорот во галоп прескокнувал мигови, денови, па и години нанапред во времето. А само како парадокс на неговата пророчка далековидост, стои фактот дека бил постојано измачуван од проблемите со видот.

Почитта на авторката кон Професорот и Човек Конески се огледа и во нејзината интенција Професор да го напише со голема буква, како семантички полнозначна сема која натежнува од својата грамадност. Додека ја читаме книгата, чувствуваме некаква необјаснива леснотија со која течат разговорите меѓу Вера и Блаже, а останатите кои се споменуваат (а станува збор за големи авторитети во науката) како да се тука за да ја потврдат тезата дека, сепак, Конески гледал подалеку од своите современици. Човекот големина кој бил во друштво на авторитети како: Роман Јакобсон, Ноам Чомски, Михаил Арнаудов, Виноградов, знаел сето свое насобрано животно и професионално искуство да го преточи во мудрост, која пак ќе им биде патоказ на сите оние кои во еден даден момент се прекршуваат однатре. Авторката ни ја открива вродената дарба на Професорот, од спонтаните и сосема споредни нејзини искажувања, да каже, да изнедри мисла, толку суштинска и за дадениот момент значајна. Многу внимателно и

---

1 Според проф. д-р Димитар Пандев, рецензент на книгата, Енох е пророк, т.е. претходник на пророците, кој е библискиот, всушност „нашиот апокрифен и словенски Енох" кој е „заштитник на писателите", а писател е и нашиот професор Конески.

2 Според апокрифот, Енох бил седми човек од Адама, првиот човек на земјата спрема христијанската легенда. Придружуван од небесните ангели, Енох ги поминал седумтте неба, каде го видел животот во рајот и во пеколот. Ангелите му ги покажале патиштата на сонцето и ѕвездите, го запознале со небесните достоинственици и му укажале на небесните ангели и го довеле пред Господовиот престол. Самиот Бог му кажал на Енох како го создал светот и првиот човек и го запознал со своите намери во иднината.

со одбрани зборови проф. Антиќ го портретира Конески, како да сака да му возврати за сето негово трпение, посветеност и искреност кон неа, но и воопшто кон македонистиката и неговата голема потреба, поезијата. Затоа можеби и книгата е така конципирана, преку разговорите пред читателот се појавува ликот на Конески со сета своја спонтаност, одмереност, со сите доблести и мани, тука е потесниот избор од неговата поезија и толкувањето на нејзините пораки од страна на професорката и, на крајот, текстовите за и од Блаже Конески. Можеме да се согласуваме или да не се согласуваме со неговите гледишта, но никако, ни во сон не смееме да заборавиме со што нè задолжи Конески. Зборот беше неговата најголема преокупација, зборот негов собеседник, сопатник, негово засолниште, но и остра кама, за одбрана од нечестивите. Како да не се пишува со восхит за него, кога во аманет ни ја остави песната „Зборот", песна-опомена, песна-завет, песна-аманет:

*Чувај го зборот добро врзан*
*како необучен коњ*
*што знае*
*да каса, да клоца, да мава.*
*Чувај го!*
*Зашто*
*ако го пуштиш така*
*разглавен по чаирите,*
*којзне која луда глава*
*ќе посака*
*да го јава.*
(„Зборот", Б. Конески)

За тоа зборува книгата, за човекот кој толку несебично ни ги разгатнуваше тајните на творечкиот процес, Конески кој многу пластично ни ја разголи својата арс поетика и го даде најсуштинското толкување дека „поезијата ја брише прашината од зборовите, синтагмите и речениците и го прави постојано свеж јазичниот пејзаж". Вера Антиќ ни го разгатнува човекот кој не се согласуваше со идејата дека „поетот е медиум на натприродните сили, натчовек или гласник на провидението". Тој одважно заклучуваше дека „зад него (поетот) не стојат никакви виши сили, ами стои јазикотворечкиот колектив, со сета своја традиција која секој нов креативен чин го вклучува во еден траен и непрестан тек". Конески беше таа тивка река која нежно галејќи ја земјата, си направи корито, а ние, неговите наследници, сме оние мали ситни водени капки кои спокојно го следат тој тек.

Тој нè научи дека песната се открива, а не се пишува. Неговата мисла насочена кон откривањето на новите значенски слоеви на зборовите, нè упати кон врвицата на рационалното спознавање на пораките, длабоко закопани во длабочините на дискурсот. Одгатнувањето на поетските пораки во поезијата на Конески значи созревање и издигнување над сопственото јас, точка која ќе ја дофатиме дури како што и самиот велеше, „кога ќе дозрееме со својот внатрешен животен опит". Лечебна е моќта на блажениот Блажев збор, неговата поезија е голтка студена вода на средлетна омарнина, корка леб за гладна душа, лек на болна рана, спокој во ноќ на бессоница. Само како потврда ќе ја споменам епизодата со германискиот славист Манфред Јенихен, кој во разговор со авторката ќе каже: „Неговата поетика ми е толку блиска, а толку возвишена. И честопати кога сум во криза, јас имам болен син, се допирам до неговата поезија и размислувам за моментите кога поетот Конески пее за мигот кога човекот го губи правото да се смее?!... Или кога ќе се сетам на тоа 'Песјо Брдце'!"

Иако не сум ја имала таа среќа лично да ги слушам блажените беседи на Блаже, сепак во себе ја чувствувам сета негова смиреност, смерност, добронамерност, кога преку поезијата нè поучува, топло, родителски, татковски. Живеејќи во време на лажни пророци за кои Конески нè опоменуваше дека ќе се накотат, неговата поезија ни станува насушност, а отпорот сè повеќе добива смисла. Имам потреба во овој контекст да ја цитирам првата катренска строфа од една од последните претсмртни песни на Конески: *Поради силниот збор, макар на непризнат јазик, / сè уште одбирам звуци на македонска лира. / Тоа е мојот штит, рамен на вашата сила, / силници! Зашто гробот со сите и вас ве збира.* („Отпор", Б. Конески)

Му се поклонуваме на мигот, кога овде и сега, толку торжествено и отрезнувачки одекнуваат стиховите на Конески, кој на едно место во „Златоврв" ќе напише дека ние луѓето „сме дораснати за мигот, а бедни за дните". Авторката, голема пријателка на великанот, толку умешно го ловела секој миг споделен со него, тие мигови толку живо опстанале со години по неговата смрт, за да бидат денес оживеани во оваа книга. Ние, блажените блажељупци, со блажен поглед свртени кон небото, му благодариме на Седржателот што нè помилувал со својата света рака, та ни го подари блажениот Конески и нè удостои семето посеано во Небрегово да израсне во илјададетно дрво, чии гранки ги пробиваат сферите на видливото. На поетите, велат, смртта не им може ништо, само пред нив таа е безвредна, немоќна и фрлена на колена. Соочен со смртта, воден од поривот да ја преживее и последната битка, Конески во антологиската песна „Песјо Брдце" молитвено шепти: „*Само никој да не ја види мојата смрт, да бидам сам со неа како со невеста во ноќ на затруднување*"!

Феноменот Блаже Конески ќе остане за навек најголемата потврда дека физичкото отсуство на поетот ја оплодува духовната присутност и ѝ вдахнува бесмртност. „По неговата смрт мислев дека ќе биде несовладлива празнината што ја остави зад себе. Се излажав. Професорот живее со уметничките, научните, историските вредности, кои ме исполнуваат и денес" – исповедно завршува авторката на книгата. И како, кога се споменува името на Блаже Конески, како да не нè покори чувството на гордост и страхопочит, како да не стоиме простум пред ликот на авторот на првата македонска граматика, првата историја на македонскиот јазик, правописот и речникот, на поезијата над сите поезии. Понесена од искреноста на поетот во песната „Помиреност", кога вели: „*кажете за мене вие, согласен сум со сè, со сè задоволен*", ме храни чувство на спокојство, дека кажаното за него е достоинствено, така како што заслужи Професорот пророк. И на крајот, морам да завршам со култната мисла на големиот Петре М. Андреевски, која проф. Антиќ ни ја посочува: „Да даде Господ барем на секои сто години да ни се раѓа Блаже Конески".



Колку е потребно за да му се
насмееш на денот?
За детето да си го гушнеш
и мирисот детски да го впиеш...
...Та од младоста срцето
да ти се подмлади...
Стихови од македонската поетеса Ана Бунтеска
80 години
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè
www.alkaloid.com.mk




Златна
петорка
филм на
Горан Тренчовски
ИГОР АНГЕЛОВ ПЕТАР АРСОВСКИ ЈАНА СТОЈАНОВСКА ЉУПКА ЏУНДЕВА ВАСИЛ МИХАИЛ НЕНАД МИЛОСАВЉЕВИЌ АЛЕКСАНДАР РИСТОСКИ
ВЛАТКО ИЛИЕВСКИ ГРИГОР ЈОВАНОВСКИ ИГОР ТОДОРОВ ВИКТОР ЈАКИМОВСКИ БИЛЈАНА ТАНЕСКИ ДИНЕ ДРВАРОВ СТОЈАН ВЕЛКОВ-ТРН
СПЕЦИЈАЛЕН ГОСТ СЛАВКО ШТИМАЦ МУЗИКА ДАРКО СПАСОВСКИ ГОРАН КЕРКЕЗ ШМИНКА ИРЕНА СЕНОКОЗЛИОСКА КОСТИМОГРАФИЈА НЕЛА ТОДОРОВСКА
СЦЕНОГРАФИЈА КИРИЛ СПАСЕСКИ МОНТАЖА АНДРИЈА ЗАФРАНОВИЌ АРИСТИД ФИЛАКТОВ ДИРЕКТОР НА ФОТОГРАФИЈА АПОСТОЛ ТРПЕСКИ ПРОДУЦЕНТ ДЕЈАН МИЛОШЕВСКИ
СЦЕНАРИО ЕЛЕОНОРА ВЕНИНОВА БИЛЈАНА ГАРВАНЛИЕВА ГОРАН ТРЕНЧОВСКИ РЕЖИЈА ГОРАН ТРЕНЧОВСКИ
ПО МОТИВИ НА РОМАНОТ „РАСЦЕПЕН УМ“ ОД БРАТИСЛАВ ТАШКОВСКИ
МРТ